МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Предлог на Закон за изменување и дополнување на
Законот за заштита на природата
по скратена постапка

Скопје, Јануари 2010 година

## ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Македонија обезбедувањето на услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина е уредено со Законот за заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, и 84/07). Предложените измени на овој закон се во насока на доусогласување на овој закон со новото законодавство на Европската Унија во ова област, како и измени на одредени одредби од законот со цел обезбедување услови за негово подобро спроведување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата се врши транспонирање само на делови односно неколку членови од предметните директиви Директива 74/409/ЕЕЦ на Советот од 2 април 1979 година за зачувување на дивите птици и Директива 92/43ЕЕЦ на Советот од 21 мај 1992 година за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора , додека останатите делови се веќе трампонирани во Законот за заштита на природат или пак ќе се транпонираат во подзаконски акти што треба да се донесат во иднина..

Со донесувањето на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата се очекува да се постигнат следните цели:

- доусогласување на Законот за заштита на природата со новото законодавство на Европската Унија во ова област;
- зачувување и обновување на постојната биолошка пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- обезбедување на одржливо користење на природно богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- подобро спроведување на Законот за заштита на природата и обезбедување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за измена и дополнување на Законот за заштита на природата не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените измени не е потребно обезбедување на

финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на природата се врши транспонирање на одредени делови од Директивата 74/409/ЕЕЦ на Советот за зачувување на дивите птици и Директивата 92/43ЕЕЦ на Советот за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора.

## VI. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со донесувањето на предложениот закон нема да се измени ниту еден друг закон.

За спроведување на предложените измени и дополнувања на законот треба да се донесат следните подзаконски акти:

- Правилник за податоците кои се запишуваат во евиденциите за заштита на природата, начинот на водење и формата и содржината на образецот на евиденциите, како и начинот и можностите за користење на податоците од евиденциите.(Член 149 став (2))
- Правилник за утврдување на тарифата за користење и издавање на изводи од евиденциите за заштита на природата. (член 149 став (4))

## VII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Од причина што не е во прашања сложен и обемен закон, како и не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на ЕУ, согласно член 170 од Деловник на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/08), предлагаме истиот да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон за изменување и дополнување на
Законот за заштита на природата

Член 1

Во Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија број 67/2004; 14/2006 и 84/2007“) во член 1, став 1, по зборовите „надвор од заштитени подрачја“ се става запирка и се додаваат зборовите: „како и заштитата на природни реткости“.

Член 2

Во членот 3 се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Заштита на природните реткости се остварува преку воспоставување на систем кој ги утврдува мерките, постапката и методите за прогласување на природна реткост и спроведување на нејзина заштита“.

Член 3

Во член 5, став (1), точка 8 по зборовите „статус на природно наследство“ се додава запирка и  се додаваат зборовите: „односно прогласување за природна реткост“.

Член 4

(1) Во член 6, став (1), точката 54 се менува и гласи:

„54. Природни вредности се карактеристики на  природното наследство, кои имаат научни, естетски, здравствени, воспитно-образовни, туристичко-рекреативни и други значења, поради кои природното наследство го стекнало статусот и било ставено под заштита на државата“.

(2) Во точката 58 сврзникот „и„ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

(3) Во точката 59 точката на крајот од реченицата се се заменува со точка и запирка, по што се додаваат две нови точки под број 60, и 61 кои гласат:

„60. Природна реткост се делови на живата и неживата природа, кои како објекти на природата, поради своите научни, естетски, здравствени и други значења, културна, воспитно-образовни и туристичко-рекреативна функција се под посебна заштита на државата; и

61. „Заштитено подрачје е географско подрачје со точно дефинирани граници, кое има статус признаен и утврден со закон или друг правен акт и е прогласено за заштитено подрачје заради остварување на долгорочна заштита и управување преку преземање на правни и други средства, а со цел постигнување на целите на зачувување на природата, продолжување на функциите на екосистемот и со него поврзаните културни вредности“.

Член 5

Во член 30 во ставот (6) по зборовите: „ги пропишува начинот“ се става запирка и се додаваат зборовите „потребните документи “.

Член 6

Во член 31-б во ставот (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „како и начинот на водење на евиденција на направените трошоците од страна на субјектите од член 30 став (4) на овој закон и начинот на нивната наплата“.

Член 7

Во член 51 по ставот (3) се додаваат пет нови става (4), (5), (6), (7) и (8) кои гласат:

„(4) Подрачјата кои по својот број и големина најдобро одговараат за заштита на засегнати и заштитени видови на птици пропишани со листите од член 30 став (3) и (4) на овој закон ќе бидат определени како посебно еколошки значајни поддрачја за птици.

(5) Како посебно еколошки значајни подрачја за птици ќе бидат определени и подрачјата каде редовно се појавуваат миграторни птици кои не се пропишани со листите од член 30 став (3) и (4) на овој закон доколку таквите подрачја се значајни за мрестење, митарење или презимување на миграторните птици или пак преставуваат во миграторните патишта попатно место за одмарање, при што особено ќе се води сметка за мочуриштата и нивната заштита и меѓународно значење.

(6) При определувањето на посебно еколошките значајни поддрачја за птици, ќе се води сметка за:

- загрозените видови;
- видовите кои се чуствителни на специфичните промени во нивното живеалиште;
- видовите кои се сметаат за ретки, поради малите популации или ограничената локална распространетост и
- другите видови кои бараат особено внимание поради специфичната природа на нивното живеалиште.

(7) Проценките за определување на посебно еколошките значајни поддрачја за птици ќе се прави врз основа на движењата и варијациите во нивоата на популацијата.

(8) Еколошко значајните подрачја се утврдуваат во рамките на заштитените подрачја со актот за прогласување на заштитеното подрачје, или со акт на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата кога тие се наоѓаат надвор од заштитено подрачје.“

Член 8

(1) Во член 65, ставот (3) се менува и гласи:

„Заштитените подрачја на територијата на Република Македонија се поврзани и го сочинуват системот на заштитени подрачја“.

(2) По став (3) се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

„(4) Системот на заштитени подрачја од ставот (1) на овој член, претставува дел од еколошката мрежа, меѓународната мрежа на заштитени подрачја и Европската кохерентна еколошка мрежа „НАТУРА 2000“, во согласност со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија.

(5) Во Европската кохерентна еколошка мрежа „НАТУРА 2000“ задолжително влегуваат посебно еколошките значајни подрачја за птици од член 50 став 4 на овој закон, како и подрачјата на природните живеалишта на меѓународно засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови и дивите видови растенија габи животни и нивни делови кои се прогласени за засегнати и/или заштитени на ниво на Европската унија утврдени со листите од член 30 став (3) и (4) на овој закон.“

Член 9

Во член 66, ставот (1) се менува и гласи:

„ Категориите на заштитени подрачја, во смисла на овој закон се:

1) Категорија I
   - Ia – строг природен резерват;
   - Iб – подрачје на дивина;
2) Категорија II - национален парк;
3) Категорија III - споменик на природата;
4) Категорија IV - парк на природата;

5) Категорија V - заштитен предел и

6) Категорија VI - повеќенаменско подрачје."

Член 10

(1) Насловот на делот II.3.1.1 се менува и гласи: Категорија I- Строг природен резерват и подрачје на дивина".

(2) Во насловот на членот 68: по зборот: „категорија" се додава ознаката: „Iа" која ја следи цртичка.

(3) Во член 68, во ставот (1) зборовите: „како и изворно сочувана дивина„ се бришат.

Член 11

Во член 71, став 1, точка 3), по зборот „патеки" се додаваат зборовите „и на утврдени места во рамките на подрачјето".

Член 12

По членот 71 се додаваат четири нови членови 71-а, 71-б, 71-в, 71-г кои гласат:

„Категорија Iб - подрачје на дивина

Член 71-а

(1) Подрачје на дивина е вообичаено големо неизменето или малку изменето подрачје кое ги има задржано своите природни карактеристики, каде нема трајна или значителна урбанизација, а се прогласува заради долгорочна заштита на еколошкиот интегритет на природните карактеристики на подрачјето и можноста идните генерации да ја уживаат користа од постоењето на такво подрачје.

(2) Во подрачјето на дивина се обезбедува интегритет и остварување на целите поради кои подрачјето било прогласено.

(3) Подрачјето на дивина може да се прогласи како самостојно заштитено подрачје, или како дел од друго заштитено подрачје од иста или пониска категорија.

(4) Во случај кога подрачјето на дивина се прогласува како дел од друго заштитено подрачје од пониска категорија, управувањето и заштитата на подрачјето ќе се врши согласно одредбите на овој закон кои се однесуваат на заштита и управување со подрачје на дивина.

План за управување со подрачје на дивина

Член 71-б

За управување со подрачјето на дивина, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата го задолжува надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата да изработи план за управување со подрачјето на дивина.

Начин на управување со подрачје на дивина

Член 71-в

Со подрачјето на дивина се управува на начин со кој се обезбедува:

1) зачувување на живеалиштата, екосистемите и видовите во природна состојба;

2) одржување на генетските ресурси во динамична и еволутивна состојба;

3) одржување на природно воспоставените еколошки процеси;

4) заштита на структурните пределски карактеристики;

5) ограничен и уреден пристап на јавноста;

6) локалното население, во нивниот обем и распространетост, да го задржат својот начин на живот кој се заснова на одржливо користење на природата, и

7) спроведување на воспитно-образовни и научно-истражувачки активности без притоа да се има влијание врз природните карактеристики на подрачјето на дивина.

Забранети активности во подрачје на дивина

Член 71-г

(1) Збрането е во подрачјето на дивина преземњето на други активности, освен:

1) заштита и контрола во подрачјето на дивина;

2) студиски посети во функција на остварување на научно истражување и движење на луѓе по утврдени патеки, односно на утврдени локации во научно-истражувачки цели;

3) интеракција на локалното население со природата во рамките на заштитеното подрачје и искористување во дозволен обем на плодовите на природата;

4) собирање на семе и семенски материјал, диви растенија, габи и животни заради научни истражувања, како и заради обновување на популациите на друго подрачје, на начин и во период кои нема да предизвикаат нарушување на екосистемот, како и заради користење при интеракција на локалното население со природата.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата издава дозвола за спроведувањето на активностите од ставот (1) точки 2 и 4 на овој член. “

Член 13

Насловот на членот 72 и членот 72 се менува и гласи:

„Категорија II - национален парк

Член 72

(1) Националниот парк е просторно природно или речиси природно подрачје на копно или вода кое опфаќа еден или повеќе сочувани или незначително изменети екосистеми, со особени повеќекратни природни вредности, кое се воспоставува заради заштита на еколошките процеси, како и на видовите и екосистемските карактеристики комплементарни на подрачјето.

(2) Прогласувањето и заштитата на националниот парк обезбедува основа за зачувување на изворното природно и културно богатство.

(3) Националниот парк има еколошка, научно-истражувачка, културна, воспитно-образовна и туристичко-рекреативна намена.“

Член 14

Во член 73 во ставот (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и дел кој се однесува на планирање и управување со просторот на националниот парк“.

Член 15

Во насловот на членот 76 по зборот „Категорија“ се додава ознаката „III“ која ја следи цртичка.

Член 16

Во насловот на членот 79 по зборот „Категорија“ се додава ознаката „IV“ која ја следи цртичка.

Член 17

(1) Во насловот на членот 84 по зборот „Категорија“ се додава ознаката „V“ која ја следи цртичка.

(2) Ставот (1) се менува и гласи:

„Заштитен предел е подрачје каде што интеракцијата на луѓето со природата во текот на времето создала предел со значителни еколошки, биолошки, културни и други вредности, географски особености, и има рекреативно, историско и научно значење.“

Член 18

Во насловот на членот 88 по зборот „категорија“ се додава ознаката „VI“ која ја следи цртичка.

Член 19

По член 90 се додава нов дел: „II.3.1.7 Природни реткости“ и два нови членови 90-а и 90-б кои гласат:

„II 3.1.7. Природни реткости

Прогласување на природни реткости

Член 90-а

(1) Поради нивните научни, естетски, здравствени и други значења, културна, воспитно-образовни и туристичко-рекреативна функција, делови од природата, се под посебна заштита на државата како природни реткости.

(2) Како природни реткости можат да бидат прогласени: одредени ретки, загрозени и ендемични, растителни и животински видови, нивни делови и зедници, релјефни форми, геолошки профили, палеонтолошки и спелеолошки објекти

(3) Ретки, загрозени и ендемични растителни и животински видови или нивните делови и заедници, се тие на коишто им е загрозен опстанокот, поради природни причини и човековата активност или се ретки заради нивното распространување.

(4) Релјефни форми, геолошки профили, палеонтолошки и спелеолошки објекти, можат да бидат прогласени за природна реткост доколку нивната површина е помала од 100 хектари.

Заштита и управување со природната реткост

Член 90-б

Заради заштита на природната реткост органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата во актот за прогласување на природната реткост го пропишува начинот на заштита и управување на природната реткост.“

Член 20

Делот: „II.3.1.7 Стекнување меѓународен статус на заштита“ станува: „II.3.1.8 Стекнување меѓународен статус на заштита “

Член 21

Во член 91 став (1) по зборот „подрачје„ се додаваат зборовите: „или природна реткост“.

Член 22

(1) Во член 92, став (1), по зборовите: „Строги природни резервати“ се додаваат зборовите: „подрачја на дивина“, а по зборовите: „споменици на природата“ се додаваат зборовите: „и паркови на природата“.

(2) Во став (2) зборовите: „Парковите на природата“ се бришат.

(3) По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„Природните реткости ги прогласува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.“

(4) Во ставот (3) кој станува став (4) по зборовите: „заштитено подрачје истото стекнува“се додаваат зборовите: „односно природна реткост истите стекнуваат“.

(5) Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи: „Актот за прогласување на заштитеното подрачје, односно природна реткост содржи: назив на заштитеното подрачје или природната реткост, категорија на заштита за заштитеното подрачје, географски карактеристики и други основни обележја, картографски приказ со вцртани граници на распространување, типови на зони во заштитеното подрачје, режим на заштита, субјект кој ќе управува и други прашања утврдени со актот за прогласување“.

(6) Во ставот (5) кој станува став (6) по зборовите „заштитено подрачје“, се додаваат зборовите: „односно природната реткост“.

(7) Ставовите (6) и (7) стануваат (7) и (8).

Член 23

(1) Во член 93, став (1), по зборовите: „актот за прогласување“ се додаваат зборовите: „на заштитеното подрачје“, додека по зборовите: „ овој закон“ се додаваат зборовите: „а заради потребите на вршењето на дејноста на заштита и управување“.

(2) По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Со актот за прогласување на природната реткост од член 92 на овој закон, а заради потребите на вршењето на дејноста на заштита и управување со природната реткост, можат по потреба да се установат зоните од став 1 на овој член, а особено заштитен појас околу природната реткост.“

(3) Во ставот (2) кој станува став (3) по зборовите: „со ставот (1)“ се додаваат зборовите: „и (2)“, по зборовите: „заштитено подрачје„ се додаваат зборовите: „и природна реткост“, а по зборовите: „заштитеното подрачје„ се додаваат зборовите: „и природната реткост“,.

Член 24

(1) Во член 94 став (1), по зборовите: „строг природен резерват“ се додаваат зборовите: „подрачје на дивина“, додека по зборовите: „споменик на природата“ се додаваат зборовите: „и парк на природата“.

(2) Во став (2), по зборовите: „заштитен предел“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите: „повеќенаменско подрачје за заштитено подрачје“ се додаваат зборовите: „ природна реткост“.

Член 25

Во член 97 став (2) зборовите: „Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата“.

Член 26

По членот 102 се додава нов дел кој гласи: II.3.3-а Одржливо користење на

природни ресурси и нов член 102-а кој гласи:

„Одржливо користење на природни ресурси

Член 102-а

(1) Користењето на природните ресурси во заштитеното подрачје се врши на одржлив начин кој нема да го загрози опстанокот на истите, заради нивно уживање и користење од идните генерации.

(2) Со природните ресурси во заштитеното подрачје управува и ги користи субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

(3) Користењето на природните ресурси се врши во согласност со одредбите на овој закон, планот за управување со заштитеното подрачје и годишната програма за заштита на природата.“

Член 27

Во член 119, став 3 зборовите: „го вршат акредитирани правни лица во соработка со“ се заменуваат со зборовите: „врши“.

Член 28

(1) Во член 122, во ставот (1) зборовите: „или да стекнат друга форма на статус на природно наследство“ се бришат.

(2) Во ставот (4) зборовите: „министерството надлежно“ се заменуваат со зборовите: „органот на државната управа надлежен“.

Член 29

Во член 135 во ставот (1) по зборовите: „строгите природни резервати„ се става запирка и се додаваат зборовите: „подрачје на дивина“.

Член 30

(1) Во член 141-а став (1) во алинејата 6 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова алинија која гласи „Буџетот на Република Македонија и“.

(2) Алијејата 7 станува алинеја 8.

Член 31

(1) Во законот поглавјето „IV ЕВИДЕНЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА ПРИРОДАТА“ се менува и гласи: „IV ЕВИДЕНЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА“

(2) Насловот на членот 149 и членот 149 се менуваат и гласат:

„Евиденција на заштита на природата

Член 149

(1) Заштитените подрачја, природните реткости, дивите видови и карактеристичните минерали и фосили, се запишуваат во евиденциите за заштита на природата.

(2) Евиденциите од ставот (1) на овој член ги води надлежниот орган за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење

на работите од областа на заштитата на природата ги пропишува податоците кои се запишуваат во евиденциите за заштита на природата, начинот на водење и формата и содржината на образецот на евиденциите, како и начинот и можностите за користење на податоците од евиденциите.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата ја утврдува тарифата за користење и издавање на изводи од евиденциите за заштита на природата.

(5) Податоците од евиденциите за заштита на природата се дел од Информативниот систем за животна средина."

Член 32

Во член 161, став 1, во точките 2), 3), 4) и 6) зборовите „освен во заштитеното подрачје национален парк" се бришат.

Член 33

Во целиот текст на членот 165 зборовите: „освен во заштитеното подрачје национален парк" се бришат.

Член 34

Во член 166, став (3) во точката 1) зборовите: „освен во заштитеното подрачје национален парк" се бришат.

Член 35

Во член 167, став (1) зборовите: „освен во заштитеното подрачје национален парк" се бришат.

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

### I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот

Главната причина за пристапување кон измени и дополнување на Законот за заштита на природата е потребата од доусогласување на овој закон со законодавство на Европската Унија во ова област, како и измени на одредени одредби од законот со цел обезбедување услови за негово подобро спроведување.

Членовите 1, 3, 5 и 6 се изменуваат и се дополнуваат заради обезбедување на услови за подобро спроведување на Законот за заштита на природата со што се воведува терминот природна реткост заради обезбедување на заштита на објекти од природата кои имаат посебни природни вредности.

Во членот 6 став (1) во точката 54 се изменува дефиницијата за „Природните вредности“ како и се додават две нови точки кои се однесуваат на дефинициите за „Природна реткост“ и за „Заштитено подрачје“.

Во членовите 7 и 8 односно члновите 51 и 65 од основниот текст на законот се врши транспонирање на одредени членови на две релевантни директиви во оваа област.

Во членот 51 по ставот 3 се додаваат пет нови ставови во кои се транспонираат делови од Директивата 74/409/ЕЕЦ на Советот за зачувување на дивите птици коишто се однесуваат на воспоставување посебни еколошки значајни подрачја за птици.

Во членот 65 ставот (3) се менува и после него се додават два нови ставови во кои се транспонира член од Директивата 92/43ЕЕЦ на Советот за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора, и се предвидува дека Системот на заштитени подрачја во Република Македонија претставува дел од Еколошката мрежа, Меѓународната мрежа на заштитени подрачја и Европската кохерентна еколошка мрежа „НАТУРА 2000“

Со предложените измени и дополнувања на Законот за заштита на природата со членот 9 истотака се менува членот 66 став (1) во кој се предвидува нова категоризација на заштитени подрачја со што се врши усогласување со новата категоризацијата на заштитени подрачја на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN). Според овој член заштитените подрачја, во смисла на овој закон се:

1) Категорија I
   - Ia – строг природен резерват;
   - Iб – подрачје на дивина;
2) Категорија II - национален парк;
3) Категорија III - споменик на природата;
4) Категорија IV - парк на природата;
5) Категорија V - заштитен предел и
6) Категорија VI - повеќенаменско подрачје.“

Како новост во овие предложените измени е тоа дека во категоризацијата на заштитени подрачја се појавува категоријата „Подрачје на дивина“ и како резултат на ова со членот 12 се додаваат четири нови членови 71-а, 71-б, 71-в и 71-г после членот 71. Во овие членови се пропишуват значањето на заштитеното подрачје – подрачје на дивина, планот за управување со подрачје на дивина, начинот на управувањето и забранетите активности во подрачје на дивина.

Со членот 19 после членот 90 се додава нов дел кој се однесува „Природни реткости“ и каде со новите членови 90-а и 90-б се уредува начинот на прогласување на природните реткости и заштитата и управувањето со природната реткост.

Со членот 26 се воведува нов дел кој се однесува на Одрживото користење на природни ресурси и во кој се утврдува начинот на управување со природните ресурси и

начинот на користење на природниоте ресурси.

Со предложените измени истотака се изменуват и се дополнуват и други членови кои не се обемни, а кои се однесуваат за усогласување на одредени членови на законот со новата категоризација на заштитените подрачја.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Изените и дополнувањата на Законот не се обемни и се однесуваат исклучиво на усогласување на овој закон со новото законодавство на Европската Унија во оваа област, како и измени на одредени одредби од законот со цел обезбедување услови за негово подобро спроведување, поради што решенијата соддржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и се однесуваат на иста правна работа.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување и влегување во сила на законот ќе се обезбеди усогласување на националното законодавство со одредени делови на законодавството на ЕУ во оваа област.

Долгорочните придобивки од усогласеноста со законодавството на ЕУ се: зачувување и обновување на постојната биолошка пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа; обезбедување на одржливо користење на природно богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа и подобро спроведување на Законот за заштита на природата и обезбедување на правото на граѓаните на здрава животна средина.